РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ



# ИНДИКАТОРИ

## ЗА КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТАТА

Скопје, 2024 година

**Благодарност**

Ревидирањето на Индикаторите за квалитетот за работа на училиштата е изготвено во рамките на Проектот за унапредување на основното образование, спроведуван од Министерство за образование и наука, финансиран со поддршка на Светска Банка.

**Работна група**

Претставници од Државен просветен инспекторат:

Антониела Стојаноска, Државен просветен инспектор
Нада Николова, Државен просветен инспектор
Сања Јакимовска, Државен просветен инспектор
Сенад Сулејмани, Државен просветен инспектор

Надворешни соработници:

Ана Мицковска Ралева, Тим лидер во Македонскиот центар за граѓанско образование
Георге Николов, соработник на Македонскиот центар за граѓанско образование

# ВОВЕД

Континуираното оценување на квалитетот на работата на училиштата, со цел да се унапреди нивната работа и постојаниот развој е една од клучните задачи на образовниот систем. Ефективните училишта се карактеризираат со нивната способност соодветно да ги проценат и подобрат нивните перформанси со текот на времето. Квалитетот на едно училиште се определува од неколку фактори, вклучувајќи ги постигањата на учениците, училишната клима и култура, квалитетот на наставата и учењето, политиките за управување и раководење на училиштето и сл.

Во овој документ се претставени клучните индикатори за оценување на квалитетот на работа на училиштата, со описи на добри практики кон кои треба да се стремат сите училишта во државата. Целта на документот е да понуди јасни и конзистентни показатели за квалитетот на училиштата и мотивација за тековно оценување на квалитетот со цел да се задоволат потребите на учениците и да се обезбеди висококвалитетно образование за сите.

# ОПИС НА ПОДРАЧЈА, ИНДИКАТОРИ, ТЕМИ И НИВОА

Индикаторите кои се дел од оваа рамка се организирани во четири клучни подрачја (соодветни на рамката за самоевалуација и на интегралната евалуација) кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето:

1. Планирање, настава и учење;
2. Постигања на учениците;
3. Училишна клима и односи во училиштето;
4. Управување, раководење и креирање политики.

Секоја клучна област содржи одреден број индикатори за квалитет. Пример, подрачјето 1: Планирање, настава и учење ги содржи следните индикатори за квалитет:

1.1 Планирање на наставниците;
1.2 Наставен процес;
1.3 Искуства на учениците од учењето;
1.4 Оценувањето како дел од наставата;
1.5 Воннаставни активности и натпревари.

Секој индикатор има одреден број теми кои се однесуваат на одредена активност што се следи во училиштето. Пример, индикаторот 1.3 Искуства на учениците од учењето ги содржи темите:

1.3.1. Средина и атмосфера за учење;
1.3.2. Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците.

Конечно, за секоја тема се развиени конкретни дескриптори кои ја опишуваат очекуваната состојба за исполнување на темата/индикаторот.

Евалуацијата опфаќа четири нивоа на постигнување (*многу добро*, *добро*, *делумно задоволува* и *не задоволува*), но детално се опишани две нивоа (*многу добро и делумно задоволува*).

Дескрипторите вклучуваат специфични илустрации кои имаат за цел да креираат заедничко разбирање за балансот меѓу јаките и слабите страни на училиштето. Преостанатите две нивоа (*добро* и *не задоволува*), иако не се опишани со дескрипторите, се проценуваат врз основа на образложените дескриптори за другите две нивоа.

Со **многу добро** се оценуваат аспекти од работата на училиштето каде што преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако *многу добро* е највисок стандард, сепак, тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект работи многу добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

Доколку училиштето е оценето како многу добро, тоа треба да претставува пример за училиште, чии начини на работа и успешни практики треба да се споделуваат со други училишта и да се реплицираат.

Со **добро** се оценуваат аспекти од работата на училиштето каде што постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно, ниту групно немаат значително негативно влијание врз искуството што го имаат учениците во училиштето. Оценувањето *добро* може да се даде под бројни околности.

На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат врз севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

Со **делумно задоволува** се оценуваат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат врз искуството на учениците. Во целина, кога се оценува со *делумно задоволува*, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите.

Оценувањето *делумно задоволува* може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

Со **не задоволува** се оценуваат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти.

Во најголем број случаи, наставата е оценета како *незадоволителна* и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

# КВАНТИФИКУВАЊЕ НА ДЕСКРИПТОРИТЕ

Во дескрипторите за секоја тема се појавуваат изрази кои означуваат квантитет, т.е. количина на субјекти за кои се однесува одредена состојба (на пр. најголем број од наставниците, мал број од учениците и сл.).

Со цел да се изедначи претставувањето на информациите, изразите за квантитет треба да соодветствуваат на процентуалните податоци добиени на различни начини (анкети, списоци за учество и сл.), согласно со следните насоки:

| | |
|---|---|
| 100% - 80% | Најголем број |
| 79% - 50% | Поголем број |
| 49% - 30% | Мал број |
| 29% - 0% | Незначителен број |

# ТРИАНГУЛАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

За да се осигури точноста и веродостојноста на индикаторите за квалитет на училиштата, од суштинско значење е да се користат низа податоци од различни извори (т.н. триангулација), бидејќи ниту една мерка не може да даде сеопфатна слика. Ова вклучува собирање и анализа на податоци од повеќе извори, како што се податоците за постигањата на учениците, набљудувањата на наставниците и повратните информации од родителите и учениците.

Со триангулирање на податоците, училиштата можат да добијат посеопфатно разбирање за нивните перформанси и попрецизно да ги идентификуваат областите за подобрување.

Постојат повеќе начини на кои може да се соберат докази за нивоата на квалитет: преку разговори со зсегнатите страни, пополнување и анализа на резултати од анкетни прашалници, директно набљудување и анализа на документи.

Подолу (Слика 1) е даден пример за различните видови податоци кои може/треба да се собираат за да се даде колку што е можно посеопфатна и реална слика за состојбите во училиштето.

*Слика 1. Триангулација на податоците*



Како дополнување на секој индикатор постои дел со извори на податоци од каде што училиштата и инспекторите треба да ги црпат релевантните информации за секој индикатор.

| ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| БР. | ИНДИКАТОР | ТЕМИ |
| 1.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5 | Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

| ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигања на учениците | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| 2.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

| ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | | |
|---|---|---|
| 3.1 | Училишна клима | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозените семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |
| **ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | | |
| 4.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојното планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

# 1. ПОДРАЧЈЕ:
# ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

| ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| **БР.** | **ИНДИКАТОР** | **ТЕМИ** |
| 1.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5 | Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

# 1.1 ПЛАНИРАЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ

## ТЕМИ:

- ПОДДРШКА И СЛЕДЕЊЕ НА ПЛАНИРАЊАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ
- РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И ИНФОРМАЦИИ ПРИ ПЛАНИРАЊЕТО

## МНОГУ ДОБРО

- Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.

- Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработ-ници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Не се врши секогаш дисеминација од спроведените обуки за планирањата на наставниците и стручните соработници. На почетокот на наставната година се разгледуваат планирањата на наста-вниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назна-чени од стручните органи, но нема процедури за давање поддршка за подобрување.

- Наставниците планирањата ги изра-ботуваат индивидуално, а користат стручни искуства од различни медиуми. Планирањата кај мал дел од наставниците се подобрени како резултат на користење стручни искуства од различни медиуми.

## ДОКУМЕНТИ

- Наставни планови и програми донесени од МОН
- Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања.

# 1.2 НАСТАВЕН ПРОЦЕС

## ТЕМИ:

- РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ
- ИЗБОР НА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ
- ИЗБОР НА ЗАДАЧИ, АКТИВНОСТИ И НА РЕСУРСИ
- ИНТЕРАКЦИЈА МЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ МЕЃУСЕБНО
- РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА
- АКТИВНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## МНОГУ ДОБРО

- Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.

- Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образо-вание и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.[1]

- Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.

- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.

---

[1] Исклучок се училиштата со мал број ученици во кои списокот на изборни предмети, во договор со учениците (односно со нивните родители/старатели), може да биде поограничена.

На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.

- Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост.

Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со[1] посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.

- ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам.[2] ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Коми-сијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од

2 Во општините во кои е формирана комисија и има донесено стратегија.

пополнетиот прашалник се архивира во портфо-лиото за МИО. Во ГПРУ во кои наставата се одвива на два или на три наставни јазика, најголем број од избраните слободни изборни предмети се реализираат со јазично балансирани „мешани“ групи ученици од различни наставни јазици, поучувани од наставници кои реализираат настава на соодветните наставни јазици. Училиштата што реализираат настава на повеќе наставни јазици, најголе-миот број воннаставни активности ги реализираат со јазично хетерогени групи ученици. Има примери на организирани заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, согласно со Упатството за организација на заеднички наставни часови.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Наставата во одделенска настава и по сите предмети се реализира во пропишаниот обем. Училиштето има тешкотии при изнаоѓање соодветна замена при отсуство на наставник.

- Училиштето нуди и реализира изборни/слободни изборни предмети за надополнување до цел фонд на наставниците со недоволен број наставни часови.

- Мал дел од наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. На мал број од наставните часови се користат различни ресурси, како и современи приоди во наставата.

- Поголем дел од наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Само мал број од наставниците обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На мал број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците. На мал број часови изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Голем дел од учениците сметаат дека не можат слободно да се изразат за време на часовите.

- Инклузивниот тим на училиштето е формиран со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Инклузивниот тим на ученикот со ПОП не е оформен со Решение/Одлука на директорот на училиштето или не е ажуриран при промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим, само на барање на наставниците, обезбедува поддршка за изработка на ИОП. ИОП по дел од наставните предмети се изготвени согласно со законската регулатива. Училиштето ретко соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Мал број од наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП.

Училиштето не располага со асистивна технологија. Наставниците ги оценуваат постигањата на учени-ците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, но ретко соработуваат со инклузив-ниот тим на ученикот. Мал број од учениците со ПОП се вклучени во вонаставни активности. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоале-тите не се целосно приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција ненавремено се идентификуваат и барањата за соодветна поддршка се доставуваат со задоцнување. Постојат случаи на неуспешна соработка помеѓу наставниот кадар и образовните асистенти.

Инклузивниот тим не нуди професионална ориентација на децата со посебни образовни потреби.

- ТУИ ја следи реализацијата на МИО-активностите од ГПРУ, проектните активности добиени преку грантовите од МОН. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН. Во училиштата што реализираат настава на повеќе наставни јазици постојат примери за реализирани вонаставни активности со балансирано јазично хетерогени групи ученици.

## ДОКУМЕНТИ

- Концепција за основно образование (МОН/БРО, 2020)
- Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)
- Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО, 2021)
- Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)
- Водич за слободни изборни предмети (БРО, 2021)
- Упатството за организирање заеднички наставни часови (МЦГО, 2021)

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети.

# 1.3 ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧЕЊЕТО

## ТЕМИ:

- СРЕДИНА И АТМОСФЕРА ЗА УЧЕЊЕ
- ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ НА УЧЕНИЦИТЕ

## МНОГУ ДОБРО

- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.
- Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, но делумно стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина. Учениците немаат целосен пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на мал број од часовите во училиштето е интересен. За време на часовите, мал број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Мал број од наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.

- Наставниот кадар и стручните соработници препознавањето на индивидуалните образовни потреби и пречки во процесот на учење на учениците не го вршат системски. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и/или отстранување на пречките при учењето. Мал број од наставниците, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, поради што дел од учениците со различни образовни потреби не можат да ги постигнат планираните цели.

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници.

# 1.4 ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВАТА

## ТЕМИ:

- УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
- МЕТОДИ, ФОРМИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ОЦЕНУВАЊЕ
- КОЕФИЦИЕНТ НА КОНТИНУИТЕТ НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ
- КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ОЦЕНУВАЊЕТО ВО НАСТАВАТА

## МНОГУ ДОБРО

- Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

- Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.

- Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9.

- Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училиштето применува договорена политика за оценување чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања, но учениците и родителите не се запознаени со критериумите за оценување. Мал број од наставниците применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување кај мал број наставници е јавно и транспарентно за учениците.

- Мал број од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. По мал број наставни предмети, учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување не се унапредуваат во соработка со стручната служба.

- Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,6, а помал од 0.7.

- Мал број од наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. Тие дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и им даваат повратна информација.

## ДОКУМЕНТИ

- Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование (БРО, 2021)
- Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (МОН, 2019 и 2020-дополнување)
- Критериуми за оценување на постигањата на учениците (БРО)

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка.

# 1.5 ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ И НАТПРЕВАРИ

## ТЕМИ:

- ОБЕМ И РАЗНОВИДНОСТ НА ПЛАНИРАНИТЕ И РЕАЛИЗИРАНИТЕ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ
- ОПФАТЕНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ
- ВКЛУЧЕНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ИЗБОРОТ И ПЛАНИРАЊЕТО НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ
- НАТПРЕВАРИ

## МНОГУ ДОБРО

- Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.
- Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.
- Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.
- Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училиштето планира, но нецелосно ги реализира планираните воннаставни активности. Воннаставните активности се ограничени според вид и недоволно ги одразуваат потребите и интересите на учениците.
- Мал број ученици се вклучени во барем една воннаставна активност. Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

- Мал број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Препораките на наставниците се одлучувачки во изборот на воннаставните активности, како и во планирањето на содржините на активностите.

- Училиштето не организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Постои делумна поддршка од страна на наставниците за учениците да учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно ниво (од акредитирани здруженија на наставници), како и во други активности со натпреварувачки карактер.

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.

## ДОКУМЕНТИ

- Концепција за воннаставни активности во основното образование (БРО, 2020)
- Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование (МОН, 2019 и 2020-дополнување)

# 2. ПОДРАЧЈЕ:
# ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

| ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| **БР.** | **ИНДИКАТОР** | **ТЕМИ** |
| 2.1 | Постигања на учениците | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| 2.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |

# 2.1 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## ТЕМИ:

- СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАЗЛИЧЕН ПОЛ И ЈАЗИК НА НАСТАВАТА СПОРЕД НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ И СПОРЕД КВАЛИФИКАЦИСКИ ПЕРИОДИ
- РЕЗУЛТАТИ ОД ЕКСТЕРНИ ТЕСТИРАЊА
- ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО, НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ И НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ
- ИЗВЕСТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ЗА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

## МНОГУ ДОБРО

- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.

Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.

- Резултатите добиени на државното тестирање, студиите/извештаите за меѓународни оценувања се анализираат и наставата се подобрува соодветно.
- Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училиштето прибира податоци за постигањата на учениците според полот и според јазикот на наставата, за сите квалификациски периоди, но не презема активности за подобрување.

Учеството и постигањата на воннаставните активности се евидентира.

- Резултатите добиени на државното тестирање, студиите/извештаите за резултатите од меѓународни оценувања се прибираат, но не се анализираат.

- Училиштето ги препознава надарените ученици, учениците што имаат тешкотии во учењето, како и учениците со попреченост, но нередовно го следи нивниот напредок. Учениците повремено добиваат поддршка за подобрување на постигањата.

- Родителите се информирани за можностите да комуницираат со училиштето за напредокот на нивните деца, но не се поттикнати да го прават тоа. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификациски период. Е-дневникот не се води уредно и затоа родителите немаат можност редовно да се информираат за постигањата на своето дете.

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување; анализи на резултати од екстерни тестирања; анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор.

# 2.2 МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА

## ТЕМИ:

- РЕДОВНОСТ ВО НАСТАВАТА
- СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ И УЧЕНИЦИ
- ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ РЕДОВНАТА И ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА

## МНОГУ ДОБРО

- Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од пет по ученик. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.

- Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

- Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училиштето ја следи редовноста на учениците, но активностите што ги презема за намалување на бројот на изостаноците не се засновани на анализи. Соработката со родителите за зголемување на редовноста на учениците е преку одржување заеднички родителски средби. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помеѓу 8 и 12 по ученик. Мерките кои ги презема училиштето за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории не даваат резултати.

- Училиштето ги реализира советувањата на родителите и учениците, врши анализа на резултатите од советувањето и следење на подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците, но не ги известува надлежните институции. Советувањата на родители/старатели не резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците во најголем број не придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

- Мал број од наставниците користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината нема промена во реализацијата на наставата во насока на подобрување на постигањата. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава, но ја реализира кон/или на крајот на учебната година, само по одделни наставни предмети. Училиштето не ги анализира резултатите од дополнителната и/или диференцираната настава од аспект на придонес кон постигањата.

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Записници од советувања на родители и ученици; распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата.

# 3. ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | | |
|---|---|---|
| **БР.** | **ИНДИКАТОР** | **ТЕМИ** |
| 3.1 | Училишна клима | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозените семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

# 3.1 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## ТЕМИ:

- УГЛЕД/ИМИЦ НА УЧИЛИШТЕТО
- КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ
- УЧИЛИШНА КЛИМА
- ПОВЕДЕНИЕ И ДИСЦИПЛИНА ВО УЧИЛИШТЕТО
- УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ И РЕШАВАЊЕТО ПРОБЛЕМИ

## МНОГУ ДОБРО

- Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето спроведува воннаставни активности по кои е препознатливо во средината. Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр. училишен весник, училишно радио, интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче и сл.). Училиштето има изградено систем за промовирање на постигањата на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина.
- Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето. Училиштето има воспоставено редовни процедури за ажурирање на содржината на кодексот на однесување, кој ги вклучува сите засегнати страни.
- Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедно и прифатено од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки.

Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели.

- Училиштето има куќен ред кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно со проширената програма на училиштето. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување на проблемот поради кој е изречена педагошка мерка.

- Во училиштето функционира Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето (во училишта на повеќе наставни јазици) и ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент. Учениците, членови на ученичкиот парламент, редовно се поканувaат и присуствуваат на состаноци на училишниот одбор.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училиштето нередовно презема активности за да ги промовира постигањата на учениците и соработката со локалната заедница. Училиштето не е препознаено во средината по воннаставни активности, а активностите кои ги спроведува не ги промовира преку училишните медиуми.

- Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Во изработката на кодексот не учествувале претставници на сите засегнати за животот во училиштето. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, но нема примери од спроведувањето во практиката. Училиштето не практикува ажурирање на содржината на кодексот на однесување.

- Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес, но постојат докази за нарушени односи меѓу поединци. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени не се постојани во своите напори да обезбедат позитивна атмосфера во училиштето. Има случаи кога нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето ја нарушува позитивната

атмосфера во училиштето. Не им се посветува доволно внимание на заемната соработка и на грижата на учениците едни за други и за училиштето. Има ученици што не се чувствуваат прифатено од возрасните и/или од учениците во училиштето. Во училиштето има случаи на закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки. Средината за учење не ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели и нивните очекувања од себе се скромни.

- Училиштето има куќен ред, но постојат случаи на негово прекршување. На мал дел од часовите е нарушена работната атмосфера што ја попречува наставата/воннаставните активности. Постојат примери за несоодветно справување со проблемите што се однесуваат на дисциплината. Училиштето несоодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка ретко се вклучува во справување со проблемите.

- Во училиштето е формиран Ученички парламент. Мал дел од учениците се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работите кои се од нивен интерес и немаат можност да учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат до две реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент. Учениците членови на ученички парламент во ретки случаи се поканувaат на состаноци на училишниот одбор.

## ДОКУМЕНТИ

- Правилник за изрекување педагошки мерки
- Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основното образование (Коалиција СЕГА, 2019)

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи).

# 3.2 ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ

## ТЕМИ:

- ПОЗНАВАЊЕ И ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА
- ЕДНАКОВ И ПРАВИЧЕН ТРЕТМАН НА СИТЕ УЧЕНИЦИ

## МНОГУ ДОБРО

- Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат.

- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Во училиштето е избран ученички правобранител, но нема реализирани активности за заштита и унапредување на правата на учениците. Мал број од вработените во училиштето не ги почитуваат правата на децата. Училиштето не презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата. Голем број од учениците сметаат дека нивните права не се почитуваат.

- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи, но нема развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училишните активности не се вклучени претставници на маргинализирани/ранливи групи.

# ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките; записници од работата на ТУИ - Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација.



# 3.3 ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО ЗАЕДНИЦАТА

## ТЕМИ:

- СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ
- СОРАБОТКА СО ОПШТИНАТА И УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА

## МНОГУ ДОБРО

- Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.

- Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Информациите што се однесуваат на работата на училиштето не се доволно детални и/или доволно јасни за родителите. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, но мал е бројот на активностите што училиштето ги презема за вклучување на родителите. Нема практика родителите да даваат идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите во ретки случаи влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.

- Училиштето остварува соработка со општината и урбаната заедница само во рамките на формалните законски обврски и постојат мал број примери на заеднички проекти и настани.

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; анкета/интервју со претставник на локалната заедница; статут на училиштето; интернет- страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница; документација за добиени спонзорства и донации.

# 3.4 СЕВКУПНА ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ

## ТЕМИ:

- ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО
- ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕ, АЛКОХОЛ И ОД ДРОГА
- КВАЛИТЕТ НА ДОСТАПНА ХРАНА
- ХИГИЕНА И ЗАШТИТА ОД БОЛЕСТИ
- ГРИЖА ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ
- ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА
- ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ
- ГРИЖА ЗА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНАТА ДОБРОСОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ
- ДАВАЊЕ ПОМОШ ПРИ ИЗБОРОТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

## МНОГУ ДОБРО

- Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување.

Вработените си ги знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапу-ва според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. По преземените активности, насилството од прво и второ ниво во училиштето се намалуваат, а нема евидентирано насилство од трето ниво.

- Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана за пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.

- Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.

- Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат барем трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош.

- Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.

- Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.

- Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа).

- Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо-емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.

- Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието.

За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и устни соопштенија. Училиштето им дава помош на учениците и на нивните родители/старатели во избор на средното училиште.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училиштето нема протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начини на постапување. Вработените си ги знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство не се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува. Училиштето нема процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и нивните родители. Преземените активности не влијаат за намалување на насилството во училиштето.

- Во училишната зграда нема истакнато знаци за забрана од пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат мал број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.

- Училиштето води грижа за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Во училиштето не се води кампања за здрава исхрана.

- Тоалетите се чисти во секое време од денот. Училиштето не врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација еднаш годишно. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор се чистат најмалку еднаш во денот, мебелот еднаш во неделата, а прозорците, вратите и другиот инвентар по еднаш во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист, но недоволно хортикултурно уреден. Во училиштето има недоволно корпи за отпадоци. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење. Сите вработени и ученици вршат систематски прегледи. Во училиштето нема лица обучени за давање прва помош.

- Во училиштето има ПП-апарати кои нередовно се сервисираат. Хидрантите се функционални. Нема документ за извршено мерење за исправноста на громобранската инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место, но последната година не е извршена симулација за брзо напуштање на зградата во случај на

елементарни непогоди и друга опасност.

- Училиштето ги идентификува, но не обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето нередовно соработува со различните чинители од заедницата за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.

- Училиштето повремено обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Притоа, нема соработка со локалната заедница и/или со другите релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа).

- Стручната служба во училиштето реагира во случаи на емоционални тешкотии кај учениците. Стручните соработници не се доволно обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители или да ги упатат до релевантните институции (здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето не се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.

- Информациите за можностите за изборот за продолжување на образованието што училиштето им ги обезбедува на учениците не секогаш се навремени и јасни. Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците само по барање на надворешни субјекти. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование е ограничена на општи информации кои се даваат по барање на родителите и учениците. Училиштето, само по барање на учениците и нивните родители/старатели, им дава помош на учениците во избор на средното училиште.

## ДОКУМЕНТИ

- Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
- Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница
- Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение
- Упатство за одржување училишни објекти
- Правилник за стандардите за исхрана и оброците во основно училиште

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документацијата; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација.

# 4. ПОДРАЧЈЕ: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

| ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ | | |
|---|---|---|
| **БР.** | **ИНДИКАТОР** | **ТЕМИ** |
| 4.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојното планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

# 4.1 УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## ТЕМИ:

- УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО
- РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО
- УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО РЕСУРСИТЕ
- РАКОВОДЕЊЕ СО КАДАРОТ
- СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС

## МНОГУ ДОБРО

- Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

- Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиштето. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.

- Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива.

Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

- Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

- Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училишниот одбор е конституиран согласно со законската регулатива и статутот на училиштето, но нема донесен деловник за работа. Има случаи на одложување/неодржување на седниците на училишниот одбор поради немање кворум за работа. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури само на формално ниво. Нема транспарентност при објавување на сите одлуки кои ги носи училишниот одбор. Членовите на училишниот одбор не се запознаваат со надлежностите.

Членовите на училишниот одбор ги усвојуваат програмските документи на училиштето, без претходно разгледување. Училишниот одбор на годишно ниво го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

- Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето, но не ја споделува со сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој своето работење не го заснова секогаш врз тимска работа. Промените во образованието со тешкотии ги имплементира во училиштето. Недоволно ја следи имплементацијата на приоритетите идентификувани во развојната програма. Соработката со локалната, деловната средина и граѓанските организации се остварува само на нивно барање.

- Во училиштето се изготвува план и распоред за користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето обезбедува потрошен материјал, по барање на наставниците за реализација на наставните и воннаставните активности. Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од две книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, но нема на сите наставни јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката нема читална и библиотечната евиденција не се води во согласност со законската регулатива. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците според изготвен распоред.

- Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на наставните планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето, процедурата за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство се спроведува со тешкотии. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници не се изготвува врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето не практикува редовна дисеминација на базичните обуки. Училиштето ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во екстерни обуки, без почитување на потребите на кадарот. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, но нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници немаат целосно ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

- Следењето на часовите и давањето повратна информација не е претходно испланирано и континуирано. Директорот и стручните соработници во училиштето само по барање на наставниците им помагаат во реализација на наставата преку следење на наставните часови. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници не користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; прашалник за одговорното лице од општината; докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека.

# 4.2 ЦЕЛИ И КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА

## ТЕМИ:

- ПРОЦЕДУРИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА
- РЕЗУЛТАТИ ОД РАЗВОЈНО ПЛАНИРАЊЕ
- ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШНИОТ БУЏЕТ

## МНОГУ ДОБРО

- Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

- Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

- Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

## ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА

- Училиштето има договорени процедури за донесување училишни политики кои ги вклучуваат раководните структури. Училиштето ретко ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

- Целите во развојната програма недоволно ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување, вклучени се директорот и дел од наставниците. Училиштето нередовно ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, но не ја почитува динамиката за следење и евалуација.

- Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските приоритети не се секогаш поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за краткорочни цели или приоритети што не се поврзани со подобрувањето на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето.

